**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Уп. бр. 08-61

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 19 и член 28 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен Весник на Република Македонија„ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по Известувањето за концентрација поднесено од **МГ ИндустрисГмбХ**, со регистрирано седиште на Мессер-Платц 1, 65812 Бад-Зоден ам Таунус, Германија, доставено преку Љупка Новеска Андонова, адвокат од Скопје, на седница одржана на ден 18.09.2018 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на заедничка контрола од страна на **Мессер Групата ГмбХ**, со регистрирано седиште на Мессер-Платц 1, 65812 Бад-Зоден, Германија и **ЦВЦ Капитал Партнерс СИЦАВ – ФИС С.А**, со регистрирано седиште на 20 АвенуеМонтереј, Л-2163 Луксембург, или нивни поврзани друштва, преку друштвото под заедничка контрола **МГИндустрисГмбХ**, со регистрирано седиште на Мессер-Платц 1, 65812 Бад-Зоден ам Таунус, Германија, над средствата во Северна и Јужна Америка кои ќе бидат продадени од страна на продавачите **ЛиндеАкциенгезелшафт**, со регистрирано седиште на Клостерхофштрасе 1, 80331 Минхен, Германија, и **Праксаир, Инц**, со регистрирано седиште на 10 РиверврјуДрајв, Данбури, Конетикат 06810, Соединетите Американски Држави, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 27.07.2018 година, а дополнето на ден 22.08.2018 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација која се однесува на преземање на контрола, од страна на **МГ ИндустрисГмбХ**, со регистрирано седиште на Мессер-Платц 1, 65812 Бад-Зоден ам Таунус, Германија, друштво под заедничка контрола на Мессер Групата ГмбХ со регистрирано седиште на Мессер-Платц 1, 65812 Бад-Зоден, Германија и ЦВЦ Капитал Партнерс СИЦАВ – ФИС С.А, со регистрирано седиште на 20 АвенуеМонтереј, Л-2163 Луксембург, над Целните средства во врска со индустриски гасови од 1) **ЛиндеАкциенгезелшафт**, со регистрирано седиште на Клостерхофштрасе 1, 80331 Минхен, Германија, и 2) **Праксаир, Инц**, со регистрирано седиште на 10 РивервјуДрајв, Данбури, Конетикат 06810, Соединетите Американски Држави.

Комисијата започна со испитување на Известувањето за концентрацијата со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите го утврди следното:

**Мессер Групата** е глобален производител и дистрибутер на индустриски, фармацевтски и специјални гасови. Мессер произведува и снабдува кислород, азот, аргон, јаглероден диоксид, водород, хелиум, инертни гасови за заварување, специјални гасови, гасови за медицинска употреба и широк спектар на мешавини на гасови. Производите на Мессер Групата имаат широка примена во челичната и металната индустрија, хемиската индустрија, прехранбениот и фармацевтскиот сектор, автомобилската и електронската индустрија, како за технологиите за истражување и заштита на животната средина. Мессер Групата има оперативни капацитети во повеќе од 30 земји. Мессер е застапен на секој од поголемите европски пазари (освен во Велика Британија и Скандинавија), како и во Кина, Виетнам, Малезија и Алжир.

Мессер Групата има контрола над друштво во Македонија,и тоа:

-Друштвото за трговија, производство и услуги МЕСЕР ВАРДАР ТЕХНОГАС Месер Груп ГмбХ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со регистрирано седиште на ул. Источна индустриска зона б.б., Скопје, Македонија и регистррана трговија на големо со хемиски производи.

**ЦВЦ Капитал Партнерс СИЦАВ – ФИС С.А**, е друштво формирано како јавно друштво со ограничена одговорност (*sociétéanonyme*), класифицирано како специјализиран инвестициски фонд (*fondsd'investissementspécialisé*), основано како инвестициско друштво со варијабилен капитал (*sociétéd'investissement à capitalvariable*). ЦВЦ Мрежата ја сочинуваат ЦВЦ и неговите зависни друштва, и ЦВЦ Капитал ПартнерсАдвајзориГроуп Холдинг Фоундатион и неговите зависни друштва, кои се субјекти во приватна сопственост чии активности вклучуваат инвестициско советување и/или управување на инвестиции во име и за сметка на одредени инвестициски фондови и платформи ("ЦВЦ Фондови"). ЦВЦ Фондовите имаат сопственички права во број на друштва во различни индустрии иницијално на пазарите во Европа, САД, и азиско-пацифичкиот регион.

**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk


Друштвата од портфолиото на ЦВЦ Фондовите ги имаат следните регистрирани субјекти во Република Македонија:

- Друштво за трговија и услуги Алвоген Пхарма Македонија, експорт-импорт ДООЕЛ Гевгелија со седиште на Борис Кидрич Гевгелија Република Македонија и дејност – трговија на големо со фармацевтски производи и
- Алвоген ДОО барице – Претставништво Скопје со седиште на Козара 13А скопје Република македонија и дејност – истражување на пазарот и испитување на јавното мислење.

**Целните средства** се средства во врска со индустриски гасови во Северна и Јужна Америка кои ќе бидат продадени од страна на продавачите ЛиндеАкциенгезелшафт, Германија и Праксаир, Инц, САД.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Благој Чурлинов**